# ОПШТИ СОГЛЕДУВАЊА ЗА ПРЕЗУМПЦИЈАТА НА НЕВИНОСТ ВО ЕКЧП



СЛАВИЦА ЧУБРИЌ, ПРАВЕН СОВЕТНИК, АМБАСАДА НА САД СКОПЈЕ

АКАДЕМИЈА ЗА СУДИИ И ЈАВНИ ОБВИНИТЕЛИ, 18 ФЕВРУАРИ 2020

# ЧЛЕН 6 ПРАВО НА ПРАВИЧНО СУДЕЊЕ

Член 6 (1) права кои се однесуваат и на граѓанска и на кривична постапка

Став 2 и став 3 процедурални гаранции за кривична постапка

Член 6 (2) Презумпција на невиност

Судиите не треба да имаат однапред оформено мислење дека обвинетиот го извршил кривичното дело за кое е обвинет;

Товарот на докажување е на обвинителството и

Секое сомневање во однос на постоењето или непостоењето на фактите е во корист на обвинетиот

# ТИП НА ПРЕДМЕТИ РАЗГЛЕДАНИ ОД ЕСЧП

1. Образложение/
   Изјави на судии и обвинители, истражители, полициски службеници
2. Изјави на министри, функционери, политичари
3. Известување на медиуми
4. Кривична, паралелни постапки (дисциплинска на пр.), последователни постапки
5. Начин на кој обвинетиот е изведен пред суд (на пр. облека)
6. Алкотест и анализа на крв на возачи?
7. Немање можност за одбрана од обвинение за лажно пријавување на кривично дело поради законска претпоставка

# ОПСЕГ НА ПРИМЕНА НА ЧЛЕН 6 (2)

Повреда има доколку судска одлука или изјава на функционер која се однесува на обвинето лице одразува мислење дека тој е виновен пред да биде докажана вина во согласност со закон

Се прави разлика помеѓу искажување сомневање и јасна изјава дека некој е виновен пред да биде донесена правосилна пресуда.

Прв аспект- кривична постапката во потесна смисла

Втор аспект – под определени услови, поекстензивна заштита вон опсегот на кривичната постапка

# *ALLENET DE RIBEMONT V. FRANCE*, 1995

Изјава на Министер за внатрешни работи по апсење на жалителот, а пред подигнување на обвинение

Владата тврди дека презумпција на невиност може да биде повредена само од судски орган и кога од образложението на судот може да се заклучи дека обвинетиот бил однапред осуден.

ЕСЧП: презумпцијата на невиност може да биде повредена не само од судија/суд туку и од други носители на функции. Иако нема обвинение 6 (2) применлив

Изјава од највисоки функционери во која недвосмислено и без никаква резерва, се кажува дека жалителот е поттикнувач и соучесник во убиство. Со изјавата се влијае на јавноста да верува дека е виновен и се прејудицира оцената на фактичката состојба од страна на судот.

# *MINELLI V. SWITZERLAND*, 1983

Постапката била запрена поради застареност, но судот наредил обвинетиот да надомести 2/3 од трошоците затоа што доказите биле такви да тој би бил најверојатно осуден

И покрај формалното запирање на постапката, образложението содржи оценки кои се спротивни на гаранциите од Конвенцијата

Повреда на член 6 (2)

# МАКЕДОНСКИ ПРЕДМЕТИ ВО ЕСЧП ПОВРЗАНИ СО 6 (2)

- Полетан и Азировиќ, 2016 (споредно прашање само за вториот жалител, нема повреда)
- Миладинов и други, 2014
- Рамковски, 2018
- Арсовска, 2018

# ПРАВО НА ОБВИНЕТИОТ ДА НЕ БИДЕ ПРИСИЛЕН ДА ДАДЕ ИСКАЗ ПРОТИВ СЕБЕ ИЛИ СВОИТЕ БЛИСКИ ИЛИ ДА ПРИЗНАЕ ВИНА (ЧЛЕН 6 (1))

- *Saunders v. UK*, 1996
- Тесно поврзано со правото на презумпција на невиност
- Подразбира дека подносителот на обвинението ќе ја докаже својата теза без употреба на методи на присила против волјата на обвинетиот
- Пред се значи почитување на желбата на обвинетиот да се брани со молчење
- Не се однесува на документи добиени врз основа на наредба на суд – на пр. анализа на крв, урина, ткиво за ДНК тест

# ОДНОС СО ЧЛЕН 8 ОД ЕКЧП

- *Alexey Petrov v. Bulgaria, 2016* (само на француски јазик на HUDOC)
- Операција на МВР „Октопод“
- Апсењето на жалителот снимано и пренесено од медиуми
- Практика на МВР која не била заснована на закон
- Повреда на член 8

# ЗАКЛУЧОЦИ

- Дефиниција
- Опсег на примена
- Однос со други членови од Конвенцијата